РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак:
Рок на чување: год.
16 -09- 2016 20 година
Потпис,

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15,192/15 и 27/16 ), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинската управа донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-029484/16-0025 од 07.09.2016 година, донесен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 18/2016, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, за доделување на договор за набавка на Материјали за АОП, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

- за ДЕЛ 1 како најповолен понудувач се избира Душтво за производство, трговија и услуги ТРИНИТИ СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
- за ДЕЛ 2 како најповолен понудувач се избира Душтво за производство , инженеринг, консалтинг и услуги ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ Мирослав ДООЕЛ експорт-иморт
- за ДЕЛ 3 како најповолен понудувач се избира Душтво за компјутерски инженеринг, трговија и услуги СИНС СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
- за ДЕЛ 4 како најповолен понудувач се избира Душтво за компјутерски инженеринг, трговија и услуги СИНС СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-029484/16-0002 од 31.05.2016 година и Одлука за измена и дополна на Одлука за јавна набавка со број 05-029484/16-0028 , за јавна набавка на Материјали за АОП .

Износот на средствата од 520.430,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа на Република Македонија за 2016 година, на раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 423.

Набавката се спроведе со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН број 18/2016, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, согласно член 22 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-029484/16-0025 од 07.09.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка за ДЕЛ 1 да се избере Душтво за производство, трговија и услуги ТРИНИТИ СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со доставена понуда број 05-029484/16-0020 од 19.08.2016 година, за ДЕЛ 2 да се избере Душтво за производство , инженеринг, консалтинг и услуги ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ Мирослав ДООЕЛ експорт-иморт со доставена понуда број 05-029484/16-0018 од 19.08.2016 година, ДЕЛ 3 да се избере Душтво за компјутерски инженеринг, трговија и услуги СИНС СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со доставена понуда број 05-029484/16-0021 од 19.08.2016 година, за ДЕЛ 4 да се избере Душтво за компјутерски инженеринг, трговија и услуги СИНС СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со доставена понуда број 05-029484/16-0021 од 19.08.2016 година.

За ДЕЛ 1 - Набавка на мрежна опрема изборот е извршен врз основа на евалуирање на 3 (три) прифатлива понуда, за ДЕЛ 2 - Набавка на проектор врз основа на евалуирање на 4 (четири ) прифатливи понуди, за ДЕЛ 3- Набавка на останата компјутерска опрема врз основа на евалуирање на 2 (две) прифатливи понуди и за ДЕЛ 4 - Набавка на дополнителна опрема изборот е извршен врз основа на евалуирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство
Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,
Н[illegible] [illegible]деска - Крстевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ

Бр. 05-029484/16-0030
Скопје, 16 -09- 2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески